**АНЕКС II:**

# ОПИС НА РАБОТНА ЗАДАЧА

**Повик за ангажирање на продукциска куќа за изработка на промотивно видео**

## СПРОВЕДУВАЧ

Македонско здружение за заштита при работа- МЗЗПР

## ДОНАТОР

Делегација на Европската Унија грантова шема "Поддршка на граѓанските организации во рамките на Акцијата за граѓанско општество во периодот 2016-2017 година"

EuropeAid / 155322 / DD / ACT / MK

## ПАРТНЕРИ:

Сојуз на синдикатите на Македонија- ССМ

Организација на работодавачи на Македонија – ОРМ

**<u>Организациска позадина</u>**

Македонското здружение за заштита при работа е граѓанска организација која повеќе од педесет години делува во областа на безбедноста и здравјето при работа во Македонија. МЗЗПР е колаборативен центар на Меѓународната организација на трудот и  Focal point организација за Македонија на Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU OSHA). На национално ниво, организацијата е вклучена во сите дебати поврзани со законодавството за БЗР и е дел од Националниот совет за безбедност и здравје при работа. Од септември 2015 година,  со Одлука на Министерството за труд и социјална политика е овластена организација за спроведување на обуки за  стручна усовршување на стручни кадри од областа на безбедноста и здравјето при работа во Република Македонија.

**<u>Вовед и историјат</u>**

Проект "Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ" - EuropeAid / 155322 / DD / ACT / MK, се спроведува  од Македонското здружение за заштита при работа како лидерска организација во партнерска соработка со Организацијата на работодавачи на Македонија и Сојузот на Синдикатите на Македонија. Проектот е финансиран од страна на Европската Унија.

Главната цел на проектот е да се подобри вклученоста и зајакнувањето на влијанието на организациите на граѓанското општество во спроведувањето на клучните реформи во

безбедноста и здравјето при работа,како и дијалогот и партнерството со регионалните граѓански организации од ИПА регионот.

Специфична цел на проектот е подинамично граѓанско општество преку вмрежување, застапување, долгорочно стратешко организационо планирање и поттикнување на нивото на вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во врска со безбедни и здрави услови за работа.

## 1. ЦЕЛ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Активностите кои треба да се преземат за постигнување на предвидените цели во рамките на овој  повик за креирање на промотивно видео се наведени подолу:

Активност 4.1: Офлајн и онлајн медиумска кампања за промоција на соработката на граѓанските организации, безбедноста и здравјето при работа и работните услови.

Заедно со обезбедувањето решенија за проблемите со БЗР и работната состојба, преку зголемено меѓусекторско вмрежување и акција за застапување и лобирање, еден голем предизвик останува ниската свест за општата јавност за важноста на професионалните практики, социјалните прашања и граѓанските организации. Имено, традиционалните медиуми се обврзани да ја промовираат пораката за соодветна имплементација, вклучување и улогата на ГО во однос на БЗР. Затоа, првата активност во овој работен пакет ќе се фокусира на медиумска кампања која ќе биде насочена кон јавноста преку офлајн и он-лајн медиуми за важноста на организациите на граѓанското општество, вклучување во и придонес кон процесите на креирање политики и донесување одлуки , безбедноста и здравјето при работа и работните услови преку различни медиумски алатки, како што се користење на традиционалните електронски медиуми, ширење на летоци за бизниси, вработени, граѓански организации и општата популација.

Во рамките на активноста 4.1 е предвидено и креирање на промотивно анимирано видео. Воедно, предвидено е видеото да биде емитувано на национална телевизија, со вкупно 30 објави. Видеото треба да е насочено кон подигнување на свеста за значењето за безбедноста и здравјето при работа. Целна група на видеото се граѓаните, граѓанските организации и јавните институции, кои се делуваат во сферата на безбедност и здравје при работа, во однос на подобрување на нивната меѓусебна соработка. Исто така, видеото треба да ги поттикне граѓаните и граѓанските организации да се вклучат во процесите на подобрување и унапредување на легислативата во обласа на безбедноста и здравјето при работа, како и практичната примена на истата. Видеото треба да биде во времетраење од максимум една (1) минута.

## 2. Одговорност, датум на започнување и период на реализација на задачите

За оваа активност, се планира ангажирање на една продукциска компанија за креирање на промотивно видео. За изработка на видеото е предвиден временски период од 10.11.2018 – 30.11.2018.

Креирањето на промотивното видео ќе биде во тесна комуникација и во договор со нарачателот на услугите.

**3. План и обем на работа**

Од продукциската компанија се очекува да ги превземе следниве активности:

• Изработка на предлог сценарио;

• Изработка на промотивно анимирано видео , со времетраење од 1 минута со нараторство на македонски јазик. Видеото треба да биде изработено и со превод на албански јазик;

**4. Обврски на изведувачот на работната задача**

Изведувачот на работната задача е одговорен за техничкото производство на високо квалитетно промотивно видео, вклучувајќи ги сите неопходни чекори за успешна реализација (истражување, развој, анимација, снимање и пост-продукција) и се обврзува:

- Да развие предлог сценарио кое ќе биде во согласност со барањата и проектните цели и задачи;
- Да назначи лице кое ќе биде одговорно за комуникација со договорувачот на работната задача и кое ќе биде одговорно за реализацијата на работната задача;
- Да обезбеди техничка опрема со која ќе биде извршена работната задача ;
- Да понуди продукциско решение кое ги прати светските трендови на видео маркетинг, базирано на врвен графички квалитет и атрактивно уникатно сценарио;
- Да обезбеди достапност и непосредна комуникација помеѓу назначеното лице и договорувачот на работната задача за времетраењето на извршувањето на работната задача;
- Да подготви и достави едно промотивно видео со времетраење до мајмногу една (1) мин до нарачателот на услугите;
- Да достави финален извештај до нарачателот на услугите;

**5.Потребни квалификации и начин на аплицирање:**

**Правните лица кои се заинтересирани да соработуваат со проектот “**Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ” треба да ги доставаат потребните документи најдоцна до 31.10.2018 на следнива e-mail адреса: kontakt.cso-osh@mzzpr.org.mk или лично на Ул. Востаничка 2/8 1000 Скопје.

**Профилот на правните лица треба да ги исполнуваат следните критериуми:**

• Да се правни лица регистрирани на територија на Република Македонија;

• Да имаат широко искуство во продукција, снимање и анимација на видеа;

За време на периодот на подготовка креирање на промотивното видео, договорниот орган (МЗЗПР), ќе биде информиран и консултиран.

**Правното лице треба да ги достави следниве документи:**

- Копија од Регистарскиот документ или Тековен биланс издаден од Централниот регистар на Република Македонија (не постар од 6 месеци);
- Техничка понуда – образец што ќе вклучува:
    - портфолио на правното лице кој ќе укаже дека го поседуваат соодветното професионално знаење и искуство за да учествуваат во горенаведените активности;
    - методологија за подготовка на промотивно видео;
    - предложен буџет/финансиска понуда.

**6.Буџет**

Буџетот предложен од правното лице треба да се даде без ДДВ/персонален данок, за финална изработка на видео.

**7.Начин на селекција**

Добиените понуди кои ќе ја поминат административната проверка ќе бидат оценувани од страна на комисијата за оценување. Ќе биде избрана понудата која ќе добие највисоки бодови според следниве критериуми:

| |
|---|
| **Техничка евалуација /Квалитет - максимален можен резултат – опсег** |
| Портфолио и претходно релевантно искуство на правното лице- 20 поени |
| Идеа и сценарио- 20 поени |
| *Вкупно поени: 40* |
| **Финансиска евалуација - максимална можна оценка** |
| Цена- 60 поени |
| *Вкупно поени: 60* |
| **Вкупно (техничка и финансиска евалуација) 100 поени** |

**8. Начин на известување**

Нацрт-извештајот се доставува се доставува најдоцна во рок од 5 дена по завршување и испорачување на договорените услуги.

**9. Дефинирање на индикатори**

Индикаторите за предвидените активности во овој договор се:

- Идеја и сценарио за промотивно видео;
- Изработка на промотивно видео со времетраење од максимум една ( 1 )минута;
- Подготвен и доставен извештај до нарачателот.